Б. 20. 3. бр

2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 10 март 1969
Скопје
Број 9 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**50.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ГЛАВЕН ШТАБ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за образување Главен штаб за народна одбрана на Социјалистичка Република Македонија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 5 март 1969 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор одржана на 7 март 1969 година.

Бр. 791
7 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ГЛАВЕН ШТАБ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Се образува Главен штаб за народна одбрана на Социјалистичка Република Македонија (Штаб).

Штабот, во согласност со Законот за народна одбрана, овој закон и другите закони, раководи со територијалната одбрана и цивилната заштита за време на мир и за време на војна.

Во војна Штабот раководи и командува со сите единици на вооружените сили на територијата привремено запоседната од непријателот.

Член 2

Штабот образува единици и служби на територијалната одбрана на Републиката и раководи со нив; ги врши работите во врска со организирањето, планирањето, вооружувањето, опремувањето, обучувањето и пополнувањето на единиците и службите на територијалната одбрана; врши надзор над спроведувањето на мерките и задачите на територијалната одбрана и цивилната заштита во општините и работните организации; ја координира работата на територијалната одбрана со Југословенската народна армија и со другите органи и организации и врши други работи кои со закон му се ставени во надлежност.

Штабот е овластен орган на кого работните организации се должни да му издаваат материјални средства за потребите на територијалната одбрана и цивилната заштита. Штабот во војна и непосредна воена опасност наредува евакуација, а во случај на елементарни непогоди или други општи опасности наредува употреба на единиците и службите на територијалната одбрана и единиците на цивилната заштита во борбата против елементарните непогоди и во заштита и спасувањето на загрозеното население и добрата.

Член 3

Штабот им дава мислења и предлози на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на Извршниот совет по прашањата од интерес за народната одбрана.

Член 4

Штабот го сочинуваат: командант, началник и определен број членови.

Со Штабот раководи командантот на Штабот.

Началникот на Штабот е заменик на командантот на Штабот. Началникот на Штабот го именува и разрешува Собранието на Социјалистичка Република Македонија по предлог од Извршниот совет.

Членовите на Штабот ги именува и ги разрешува Извршниот совет по предлог од командантот на Штабот. Со актот за именување на членовите се определува и нивниот број.

Член 5

Командантот на Штабот ги потпишува актите и другите документи на Штабот, а за работата на Штабот и за својата работа му одговара на претседателот на Републиката и Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Член 6

За остварување на својата надлежност Штабот донесува наредби, упатства, задолжителни инструкции и насоки.

Инструкциите на Штабот што ги донесува во врска со организирањето и подготвувањето на територијалната одбрана и цивилната заштита, се задолжителни за општинските штабови, и органите на работните организации одговорни за организирањето и подготвувањето на единиците и службите на територијалната одбрана и цивилната заштита.

Во услови на непосредна воена опасност и во војна, Штабот издава наредби на општинските штабови.

Член 7

Внатрешната организација, начинот на работа на Штабот, како и организацијата и делокругот на стручните служби на Штабот ги утврдува командантот на Штабот.

Член 8

Стручните работи на Штабот во врска со организирањето, пополнувањето и обучувањето на единиците и службите на територијалната одбрана ги вршат стручните работници на Штабот.

На стручните работници во Штабот во однос на нивните права и должности се применуваат прописите што важат за Југословенската народна армија.

Член 9

Средствата за работа на Штабот се обезбедуваат со Републичкиот буџет.

Член 10

Командантот на општинскиот штаб за народна одбрана, по предлог од собранието на општината, го именува командантот на Главниот штаб за народна одбрана на Социјалистичка Република Македонија.

Член 11

Во услови на непосредна воена опасност или во војна, Извршниот совет образува воени зони и зонски штабови за народна одбрана.

Член 12

Се овластува Извршниот совет да ги утврди средствата за работа на Штабот за 1969 година, доделени во претсметката на Републичкиот секретаријат за народна одбрана.

Член 13

Овој закон влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

51.

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБАТА И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ПАТОТ СКОПЈЕ — ТЕТОВО — ГОСТИВАР — КИЧЕВО — ОХРИД — РЕСЕН — БИТОЛА — ЈУГОСЛОВЕНСКО-ГРЧКА ГРАНИЦА

Се прогласува Законот за финансирање изградбата и реконструкцијата на патот Скопје — Тетово — Гостивар — Кичево — Охрид — Ресен — Битола — југословенско-грчката граница,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 5 март 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 5 март 1969 година.

Бр. 793
5 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБАТА И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ПАТОТ СКОПЈЕ — ТЕТОВО — ГОСТИВАР — КИЧЕВО — ОХРИД — РЕСЕН — БИТОЛА — ЈУГОСЛОВЕНСКО-ГРЧКА ГРАНИЦА

Член 1

Изградбата и реконструкцијата на патот од Скопје до југословенско-грчката граница и тоа: Скопје — Тетово — Гостивар — Кичево — Охрид — Ресен и Битола (западен пат) ќе се финансира со средствата што ги обезбедува Социјалистичка Република Македонија (Републиката) од сопствени извори, преку кредити од деловни банки и кредити од Меѓународната банка за обнова и развој.

Член 2

Изградбата и реконструкцијата на западниот пат ќе се врши по делници и тоа:

1. Гостивар—Кичево,
2. Кичево—Охрид,
3. Скопје—Тетово,
4. Тетово—Гостивар,
5. Охрид—Ресен,
6. Ресен—Битола и
7. Битола—југословенско-грчка граница.

Изградбата и реконструкцијата на секоја делница ќе се врши во зависност од добивањето на кредит од Меѓународната банка за обнова и развој.

Член 3

Кредитите што Републиката ќе ги користи за изградба и реконструкција на западниот пат ќе се отплатуваат од средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството.

Член 4

Финансирањето на секоја делница се утврдува со посебна одлука на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 5

Правата и обврските на инвеститорот за изградба и реконструкција на западниот пат Републиката може да го довери на Републичкиот фонд за патишта.

Договорот со Фондот од претходниот став од името на Републиката ќе го заклучи републичкиот секретар за индустрија и трговија.

Член 6

Овој закон влегува во сила следниот ден по денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

52.

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање изградбата и реконструкцијата на патот Скопје — Тетово — Гостивар — Кичево — Охрид — Ресен — Битола — југословенско-грчката граница,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 5 март 1969 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 5 март 1969 година, во согласност со одлуката на Собранието на општината Гостивар бр. 909 од 3. Ш. 1969 година и на општината Кичево бр. 02—774—1 од 3. Ш. 1969 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБАТА И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ДЕЛНИЦАТА ГОСТИВАР—КИЧЕВО ОД ПАТОТ СКОПЈЕ—ТЕТОВО—ГОСТИВАР—КИЧЕВО—ОХРИД—РЕСЕН—БИТОЛА—ЈУГОСЛОВЕНСКО-ГРЧКА ГРАНИЦА

I. Вкупната вредност на работите за изградба и реконструкција на делницата Гостивар — Кичево, на патот Скопје — Тетово — Гостивар — Кичево — Охрид — Ресен — Битола — југословенско-грчката граница изнесува 107 милиони динари.

Во износот од претходниот став не се содржачи трошоците за експропријација на земјиштето и објектите на патот од оваа делница.

П. Средствата од претходната точка се обезбедуваат од следните извори:

1. кредит од Стопанската банка — Скопје во износ од 63,8 милиони динари, и

2. кредит од Меѓународната банка за обнова и развој во износ од 43,2 милиони динари.

Средствата за трошоците за експропријација на земјиштето и објектите на патот ги обезбедуваат општините Гостивар и Кичево, секоја за своето подрачје, во висина најмногу до 12% од вредноста на патот, пресметана врз база на просечната цена по еден километар пат, што се гради според Програмата за модернизација и реконструкција на патната мрежа во СРМ во периодот од 1966—1970 година со учество на Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 40/67).

Ш. Кредитите од претходната точка ќе се отплатуваат од средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството.

IV. Договорите за кредит со банките од точка П на оваа одлука, во името на Социјалистичка Република Македонија, ќе ги склучи републичкиот секретар за финансии.

Републичкиот секретар за финансии ќе го склучи договорот за кредит со Стопанската банка — Скопје со рок на враќање од 15 години со каматна стопа до 5%.

V. Оваа одлука влегува во сила следниот ден по денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 795
5 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

53.

Врз основа на член 139 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 5 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

I. Се разрешува од должноста републички секретар за народна одбрана ПЕТАР ПЕПЕЉУГОВСКИ, поради заминување на нова должност.

II. За републички секретар за народна одбрана се именува МЕТОДИЈА СТЕФАНОВСКИ, полковник во ЈНА.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 794
5 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

54.

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за образување Главен штаб за народна одбрана на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 5 март 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НАЧАЛНИК НА ГЛАВНИОТ ШТАБ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. За началник на Главниот штаб за народна одбрана на Социјалистичка Република Македонија се именува ПЕТАР ПЕПЕЉУГОВСКИ, досегашен републички секретар за народна одбрана.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 789
5 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

55.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 4 март 1969 година, ги разгледа и ги претресе односите меѓу СФР Југославија и НР Бугарија и Извештајот на Комисијата на Собранието на СР Македонија за прашањата на односите со странство.

Врз основа на експозето од претставникот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, извештајот на Комисијата на Собранието на СР Македонија за прашањата на односите со странство и дискусијата по претресот на седницата, согласно член 158 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот

## ЗАКЛУЧУВА

1. Соборот ги усвојува и поддржува мислењата, предлозите и преземените мерки од Сојузната скупштина, Сојузниот извршен совет и Државниот секретаријат за надворешни работи во врска со политиката и активноста на Народна Република Бугарија спрема Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а посебно спрема Македонија, кои сериозно ги нарушуваат односите меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Народна Република Бугарија, и создаваат нестабилност и напнатост на Балканот. Соборот оценува дека овие мерки имаат за цел надминување на сегашната состојба во односите меѓу СФР Југославија и НР Бугарија, за конструктивно решавање на спорните прашања во меѓусебните односи, што е од непосреден интерес за сите народи на ова подрачје.

2. Во спроведувањето на натамошната политика спрема НР Бугарија, Соборот на Собранието на СР Македонија смета дека треба особено да се има предвид расчекорот меѓу изјавите на одговорните раководители на НР Бугарија и практиката што се спроведува во односите спрема СФР Југославија и македонското национално малцинство во Благоевградскиот округ (Пиринска Македонија).

3. Во врска со усвоените материјали и ставовите на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија и на Комисијата на Собранието на СР Македонија за прашања на односите со странство, Соборот препорачува сите органи и организации да ја сообразат својата дејност во согласност со усвоените материјали и ставови од седницата на Соборот.

4. Соборот ги усвојува ставовите и активностите на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија и на Комисијата на Собранието на СР Македонија за прашања на односите со странство и им препорачува и натаму внимателно да ја следат политиката на НР Бугарија спрема СФР Југославија, а посебно прашањата за кои е заинтересирана СР Македонија, да преземаат одредени активности и благовремено да го информираат за ова и за преземените мерки Собранието на СР Македонија и другите надлежни органи и организации.

5. Врз основа на уставните начела за надворешната политика на СФР Југославија, Собранието на СР Македонија заклучува со материјалите и претресот на Соборот да се запознаат: Сојузната скупштина, Сојузниот извршен совет, Државниот секретаријат за надворешни работи и сите републички и покраински собранија.

Број 763
5 март 1969 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот собор,
**Крсте Марковски**, с. р.

56.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста на став 1 од член 136 од Статутот на Автотуристичкото претпријатие „Пелагонија Турист“ од Прилеп, по одржаната јавна седница од 30. I. 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се поништува одредбата на став 1 од членот 136 од Статутот на Автотуристичкото претпријатие „Пелагонија Турист“ од Прилеп, со која се утврдува дека Правилникот за распределба на личните доходи го донесува Управниот одбор на работната организација.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Автотуристичкото претпријатие „Пелагонија Турист“ од Прилеп на начинот определен со Статутот на претпријатието.

3. Уставниот суд на Македонија, по сопствена иницијатива, поведе постапка за оценување уставноста на ставот 1 од членот 136 од Статутот на Автотуристичкото претпријатие „Пелагонија Турист“ од Прилеп.

Уставниот суд на Македонија утврди дека во ставот 1 на членот 136 од Статутот е утврдено дека Правилникот за распределба на личните доходи го донесува Управниот одбор на работната организација.

Одредбата од ставот 1 на членот 136 од Статутот не е во согласност со членот 66 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија каде што е утврдено дека Статутот и другите општи акти ги утврдува работничкиот совет на работната организација. Управниот одбор на работната организација, според уставната одредба, не може да донесува правилник за распределба на личните доходи.

У. бр. 67/68
30 јануари 1969 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Перо Коробар**, с. р.

57.

Врз основа на член 35 став 1 точка 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67) и член 32 став 2 од Основниот закон за пензиско осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68 и 55/68), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците, на седницата одржана на 27 февруари 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВАЛОРИЗАЦИОНИТЕ КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО ГОДИНИТЕ 1961, 1962, 1963, 1964, 1965, 1966 И 1967 НА НИВО НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО 1968 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдуваат валоризационите коефициенти за пресметување на личните доходи остварени во годините 1961, 1962, 1963, 1964, 1965, 1966 и 1967 на нивото на личните доходи од 1968 година.

II

На осигурениците кои остваруваат право на пензија по одредбите на Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68 и 55/68) и на Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 10/65, 14/66, 1/67 и 23/67), а пензиската основа им се утврдува со пресметување на личните доходи остварени во поранешните години на ниво на личните доходи од 1968 година, пресметувањето ќе се извршува со примена на следниве коефициенти:

— за личните доходи од 1961 година — 417
— за личните доходи од 1962 година — 355
— за личните доходи од 1963 година — 309
— за личните доходи од 1964 година — 242
— за личните доходи од 1965 година — 181
— за личните доходи од 1966 година — 128
— за личните доходи од 1967 година — 110

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-558/1
27 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
**Мара Минанова**, с. р.

# *Огласен дел*

## ЛИКВИДАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје, објавува дека во регистарот на задругите бр. 5, страна 57, книга I, е запишано следното: Земјоделската задруга „Копачка“ од село Извор, Кичевско, со решението бр. 02-6510 од 21. X. 1968 година на Собранието на општината Кичево е ставена под редовна ликвидација.

За ликвидатор на споменатата задруга е назначен со решението бр. 02-6510 од 21. X. 1968 година на Собранието на општината Кичево Ассиси Бенедето, кој ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 18. XI. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

На досегашните потписници и тоа: Гавриловски Стево, директор, Ристевска Ванка, книговодител, и Дамјановски Ѓоре, шеф на книговодството, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1174 од 4. XII. 1968 година. (5)

Согласно со решението бр. 06-17348 од 22. XI. 1968 на Собранието на општината Кале — Скопје, е отворена постапка за редовна ликвидација на Занаетчиско-производителната задруга за преработка на кожни изделија „Братство“ — Скопје.

Постапката за редовна ликвидација ќе ја спроведе ликвидациона комисија од три члена и тоа: Шулевски Мане, претседател, Милутиновиќ Саво и Јовановски Драган.

Се повикуваат доверителите да ги пријават своите побарувања а должниците да ги измират своите обврски во срок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“.

Од Ликвидационата комисија (66)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 25. XI. 1968 година, рег. бр. 2/59, книга II, е запишано следното: Редовната ликвидација на Земјоделската задруга „Богоја Крстески“ од село Ерековци е запишана во регистарот на задругите кој го води овој суд, под рег. бр. 12/55, книга III, со ликвидатор Стеван Јакимоски.

Ликвидаторот е и потписник на задругата.

Оваа промена е извршена врз основа решението бр. 01-2502/1 од 28. V. 1968 година на Собранието на општината Прилеп за отворање постапка на редовна ликвидација и решението бр. 07-2502/2 од 14. XI. 1968 година за именување ликвидатор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 541/68. (67)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 122/65, е запишано следното: Редовната ликвидација на Ученичкиот интернат „Климент Охридски“ — Охрид е запишана во регистарот на установите, кој го води овој суд, под рег. бр. 122/65, со ликвидатор Никола Чудо, професор од Охрид, кој е овластен да го потпишува интернатот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 42/68. (68)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. X. 1968 година, страна 221, реден број 4, е запишано ставањето во редовна ликвидација на Занаетчискиот дуќан „Сервис“ од Пробиштип.

Ликвидационата комисија ја сочинуваат: Гичевски Владо, Донков Блаже и Наков Љубе.

За ликвидатор е наименуван Јаким Заовски, кој е овластен да ја спроведе постапката околу редовната ликвидација и да ја потпишува целокупната финансиска документација.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа решението бр. 01-1693/1 од 19. IX. 1968 година на Собранието на општината Пробиштип за покренување на постапката за редовна ликвидација и решението бр. 01-1693/2 од 19. IX. 1968 година на Собранието за именување на ликвидатор.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 457/68. (128)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 21. XI. 1968 година, страна 65, реден број 4, е запишано ставањето во редовна ликвидација на Земјоделската задруга „Бел камен“ од село Радичево, Струмичко.

За ликвидатор во постапката за редовна ликвидација на задругата е наименуван Боро Палифров од Струмица.

Постапката за редовна ликвидација на задругата, ќе ја спроведе Ликвидационата кимисија при Собранието на општината Струмица.

Впишувањето на постапката за редовна ликвидација на задругата е извршено во регистарот врз основа решението бр. 02-3885/1 од 1. X. 1968 година на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 503/68. (129)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 28. XI. 1968 година, страна 143, реден број 6, е запишано ставањето во редовна ликвидација на Земјоделската задруга „Еленица“ од село Велуса, Струмичко.

Претседател на ликвидационата комисија е Крум Гоцев.

Ставањето во редовна ликвидација на задругата е извршено во регистарот врз основа решението бр. 02-3884/1 од 1. X. 1968 година на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 532/68. (130)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 28. XII. 1968 година, страна 81, реден број 8 е запишано ставањето во редовна ликвидација на Земјоделската задруга „Слобода“ од село Смоларе, Струмичко.

За ликвидатор на задругата е именуван Атанас Пандев, од с. Мокрино, Струмичко.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа решението бр. 02-3886/1 од 1. X. 1968 година на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 575/68. (131)

---

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 141, страна 41, книга Ш, е запишано следното: Дејноста на Трговското претпријатие на големо и мало за промет со селскостопански производи и прехранбени артикли „Вардар“ — Неготино се проширува и со: купување и продавање на разна стока, колонијални и прехранбени артикли, месни и сувомесни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, брашно, цигари кибрит, детски играчки, училишен и канцелариски материјал и прибор и друго, согласно одлуката на работничкиот совет број 26 од 20. Ш. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 381 од 26. XI. 1968 година. (2192)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 907, страна 281, книга IV, е запишано следното: Фирмата на Деловниот огранок во Скопје на ул. „Луј Пастер“ бр. 5/II на „Војвоѓанска агенција“ — посредничко претпријатие за стоковен промет — Нови Сад се менува и гласи: „Панкомерце“ — застапување на странски фирми и посредување во меѓународниот и внатрешниот стоковен промет — Нови Сад — Работен огранок — Скопје, ул. „Луј Пастер“ бр. 5/II.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 666 од 21. VI. 1968 година. (1445)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 70, страна 129, книга IV, е запишано следното: Монтажно-инсталатерското претпријатие „Радијатор“ — Скопје, со решението бр. 5664 од 27. V. 1968 година на Собранието на општината Идадија — Скопје е ставено под присилна управа.

За присилен управител на споменатото претпријатие е назначен Тихомир Димитровски, кој претпријатието под присилна управа ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со новоназначениот потписник Русев Герман, финансиски директор, во границите на овластувањето.

На досегашните потписници и тоа: Николовски Никола, технички раководител, Методи Митушев, шеф на сметководството, Љопа Грковска, контист Киро Димитров, директор, Станисавски Благоја Васо, помошник директор, и Поповиќ Петар Радослав, раководител на стопанско-сметководниот сектор, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 677 од 14. VI. 1968 година. (1449)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 203, страна 716, книга II, е запишано следното: Дејноста на Продавницата број 6 во Скопје, ул. „467“ на Производното претпријатие за промет со алкохолни пијалоци „Винар“ — Титов Велес, се проширува и со продажба на колонијално-прехранбени и индустриски стоки, на мало.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 410 од 16. VII. 1968 година. (1450)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 203, страна 716, книга II, е запишано следното: Дејноста на Продавницата број 7 во Скопје, на ул. „Автокоманда" на Производното претпријатие за промет со алкохолни пијалоци „ Винар" — Титов Велес се проширува и со продажба на колонијално-прехранбени и индустриски стоки, на мало.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 411 од 16. VII. 1968 година. (1451)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 203, страна 716, книга II, е запишано следното: Дејноста на Продавницата во Скопје на ул. „713" на Производното претпријатие за промет со алкохолни пијалоци „Винар" — Титов Велес се проширува и со продажба на колонијално-прехранбени и индустриски стоки, на мало.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 412 од 16. VII. 1968 година. (1452)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 203, страна 716, книга II, е запишано следното: Дејноста на Продавницата во Скопје, на ул. „118" бр. 101, на Производното претпријатие за промет со алкохолни пијалоци „Винар" — Титов Велес се проширува и со продажба на колонијално-прехранбени и индустриски стоки, на мало.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 413 од 16. VII. 1968 година. (1453)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 203, страна 716, книга II, е запишано следното: Дејноста на Продавницата број 2 во Скопје, на ул. „Ѓуро Ѓоновиќ", на Производното претпријатие за промет со алкохолни пијалоци „Винар" — Титов Велес се проширува и со продажба на колонијално-прехранбени и индустриски стоки, на мало.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 619 од 16. VII. 1968 година. (1454)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 203, страна 716, книга II, е запишано следното: Дејноста на Продавницата број 3 во Титов Велес, на ул. „Димитар Влахов", на Производното претпријатие за промет со алкохолни пијалоци „Винар" — Титов Велес се проширува и со продажба на колонијално-прехранбени и индустриски стоки, на мало.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 409 од 16.VII.1968 година. (1455)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 198, страна 1085, книга I, е запишано следното: Досегашниот раководител на Работничко-службеничкиот ресторан на Фабриката за волнени ткаенини „Тодор Циповски Мерџан" — Тетово, Анастас Георгиевски, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител е назначен Момировски Момир, кој Работничко-службеничкиот ресторан на Фабриката за волнени ткаенини „Тодор Ципоски-Мерџан" — Тетово ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 26.II.1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 228 од 16. VII. 1968 година. (1467)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 195, страна 1131, книга I, е запишано следното: Досегашниот директор на Рударското претпријатие за експлоатација на бентонитска глина „Бентомак" — Крива Паланка, Говски Николов Венцо, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Рударското претпријатие за експлоатација на бентонитска глина „Бентомак" — Крива Паланка е назначен Стефановски Ефтим Борис, кој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Илиевски Киров Стеван, шеф на сметководството, сметано од 19.VII.1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 843 од 6.VIII.1968 година. (1789)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 104, страна 1163, книга I, е запишана под фирма: Конфекција „Биљана" — Куманово — Работнички ресторан во Куманово, ул. „11 октомври." Предмет на работењето на ресторанот е приготвување на топли и ладни јадења, како и продавање на безалкохолни пијалоци.

Ресторанот е основан од работничкиот совет, со одлука бр. 01-1061/1 од 20.I.1968 година.

Ресторанот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Илиевски Митров Стојанче, раководител, и Петровски Стојанов Душан, книговодител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 79 од 21. III. 1968 година. (920)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 104, страна 1163, книга I, е запишана под фирма: Конфекција „Биљана" — Куманово — Продавница број 4 во Куманово, плоштад „Нова Југославија". Предмет на работењето на продавницата е: продажба на сопствени производи на Конфекцијата „Биљана" — Куманово, како и дополнителен асортиман и тоа: продажба на текстилна конфекција (облека, долна облека, душеци, јоргани, навлаки, чаршави), продажба на текстилна галантерија (чадори, машни, марамчиња, куфери, ташни и патни торби) и продажба на памучна трикотажа (џемери, пуловери, шалови, ракавици и чорапи).

Продавницата е основана од работничкиот совет на Конфекцијата „Биљана" — Куманово, со одлука бр. 1410/II од одржаната седница на 18.I.1966 година.

Раководител на продавницата е Насковски Димитар.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1200/67 од 21.III.1968 година. (921)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 76, страна 837, книга IV, е запишано следното: Решението на овој суд Фи бр. 591/66 од 30. VIII.1966 година за регистрација на Продавницата во Куманово на плоштадот „Нова Македонија" (во барака) на Новинско-издавачко-печатарското претпријатите „Нова Македонија" — Скопје се менува, така што точката 1 од решението гласи: Новинско-издавачко печатарско претпријатие „Нова Македонија" — Скопје — Деловница во Куманово, плоштад „Нова Југославија" (барака).

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 591/66 од 25.IV.1968 година. (1001)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1213, страна 1121, книга IV, е запишано под фирма: Занаетчиско услужно претпријатие „Триглав“ — Скопје, ул. „704“ бр. 13. Предмет на работењето на претпријатието е изработка на терацерски работи, споменици од терацо, терац-под, како и обложување скали со терацо и разни предмети од бетон.

Претпријатието е основано од задружниот совет на задругата, со записник бр. 193 од 10.XI.1967 година од одржаната седница на 26.VIII.1967 година со прераснување на задругата во претпријатие.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Велковски Ѓорѓи, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Занаетчиско-услужното претпријатие „Триглав“ — Скопје е конституирано на 26.VIII.1967 година. За претседател на работничкиот совет и избран Љута Рафис.

Услужната занаетчиска задруга „Триглав“ — Скопје со преараснувањето во претпријатие се брише од регистарот на стопанските претпријатија и дуќани, кај овој суд, од регистарскиот лист бр. 910, страна 297, книга IV.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 203 од 26.IV.1968 година. (1006)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 76, страна 833, книга IV, е запишано следното: Во решението на овој суд, Фи. бр. 1071 од 13.XI.1967 година за проширување на дејноста на Новинско-издавачкото печатарско претпријатие „Нова Македонија“ — Скопје, зборот „таксени марки“ се заменува со „таксени вредносници.“

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 382 од 25.IV.1968 година. (1013)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1067, страна 309, книга V, е запишано под фирма: Градежно претпријатие „Братство“ — Скопје — I градилиште во Скопје, ул. „737“ бр. 13а. Предмет на работењето на градилиштето е обавување ѕидаро-фасадерски работи.

Градилиштето е основано од работничкиот совет на Градежното претпријатие „Братство“ — Скопје, со одлука бр. 393/1 од 3.II.1968 год.

Градилиштето ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат инженер Лазо Зафировски, раководител на градилиштето, и Тахири Абдија Ејуп. работоводител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 369 од 12-IV-1968 година. (1041)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 171, страна 267, книга V, е запишано следното: Дејноста на Трговското претпријатие за промет со универзални стоки на големо и мало „Интерпромет“ — Скопје, согласно одлуката на работничкиот совет од одржаната седница и елаборатот за економска оправданост се проширува и со: промет со алкохолни и безалкохолни пијалоци во затворени шишиња, како и со промет на сите видови прехранбени артикли, тутун и тутунски производи, на мало, што ќе обавува преку стоковната куќа „Илинден“ во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 363 од 23.IV.1968 година. (1045)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 964, страна 641, книга IV, е запишано следното: Производното трговско претпријатие „Македонија спорт“ — Скопје е конституирано на 6.III. 1968 година, согласно записникот од одржаната седница на 6.VIII.1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 340 од 28.III.1968 година. (1053)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1221, страна 1167, книга V, е запишано под фирма: Трговско земјоделско претпријатие на големо и мало „Македонија“ — Скопје, ул. „М. Тито“ бр. 5. Предмет на работењето на претпријатието е: купопродажба и посредување на сите видови нова и половна опрема (механизација и сите приклучни машини), репроматеријали и други материјали и опрема, наменети за земјоделството и сточарството; купопродажба и посредување на сите видови овошје и зеленчук, купопродажба и посредување со сите видови земјоделско-индустриски производи (сончоглед, памук, сусам, слануток, луцеркино семе) и други производи кои произлегуваат од оваа гранка, купопродажба и посредување на сите видови сточна храна, сите видови вештачки ѓубрива и заштитни средства, во земјоделството, купопродажба и посредување со сите видови сточни производи и сета жива стока, живина и сите производи од живинарството, купопродажба и посредување со сите видови градежни материјали како и сите видови огревен материјал (огревно дрво, јаглен, нафта и нафтени деривати и друго) од оваа гранка, купопродажба и посредување на сите видови нова и половна механизација и опрема во градежништвото како и сите видови репроматеријали на оваа гранка, купопродажба и посредување на сите видови механизација (постројки), опрема и репроматеријали во сите гранки на индустријата, нова и половна, на сите видови механизација и опрема, нова и половна во угостителството, комуналната дејност, електростопанството, шумарството, водостопанството, рударството, бродарството (речно, езерско и поморско), железниците, патиштата, политичко-територијалните организации, општествените организации, установи и институции и друго, купопродажба и посредување на сите индустриски стоки и производи, на сите видови прехранбени индустриски производи, на сите видови моторни возила, нови половни, и резервни делови, како и сите видови гуми за сите видови возила и механизација, купопродажба и посредување на сите видови гумопластични производи, поправка на патнички и други коли кои служат за препродажба, поправка на леки коли, други механизирани машини на работни организации и други лица од територијата на Скопје и СРМ, поправка и на други видови машини кои се потребни за работната организација како и за приватни лица, земјоделско производство на општонародна земја земена под закуп или добиена на бесплатно користење, организирање земјоделско производство на земјата на индивидуалните земјоделски производители преку создавање на разни видови кооперација, вршење услуги на земјоделските производители со земјоделски машини и справи како и со вршење на разни други услуги што се во врска со земјоделското производство, договарање вишоци од земјоделското производство, преземање и пласман на истите од своето подрачје, снабдување на земјоделските производители со потребен репродукционен материјал (семе, вештачко ѓубре и тн.), преработка и доработка на земјоделски производи, организирање на штедење и кредитирање, стручно издигнување на кадри нужни за обавување на стопанската активност на задругата, откуп, преработка и доработка на сточарски производи, живинарство, тов на дебели свињи.

Претпријатието е основано со соединување на Трговското претпријатие на големо и мало „Македонија промет“ — Скопје и Општата земјоделска задруга „Партизан“ — село Булачани, со одлуките на колективите бр. 02-102 од 29. IV. 1968 годи-

на на Земјоделската задруга „Партизан“ — село Булачани и број 1432 од 29.IV.1968 година на Претпријатието „Македонија промет“ — Скопје во Трговско земјоделско претпријатие на големо и мало „Македонија“ — Скопје.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Мицевски Драган, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 537 од 23.V.1968 година. (1152)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8.IV.1968 година, рег. бр. 4/59, книга I, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 21 во Битола на Фабриката за чевли „Козара“ од Земун, уште со продажба на сите видови машки, женски и детски чорапи.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката од работничкиот совет на Фабриката за чевли „Козара“ од Земун од 16.III.1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 125/68. (1094)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8.IV.1968 година ,рег. бр. 19/63, книга I, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 25 во Битола, на Фабриката за чевли „Козара“ од Земун, уште со продажба на сите видови машки, женски и детски чорапи.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката од работничкиот совет на Фабриката „Козара“ од Земун од 16.III.1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 126/68. (1095)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8.IV.1968 година, рег. бр. 11/58, книга III, е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 15 во Охрид, на Фабриката за чевли „Козара“ од Земун, уште со продажба на сите видови машки, женски и детски чорапи.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката од работничкиот совет на Фабриката за чевли „Козара“ од Земун од 16 III.1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. бр. 124/68. (1096)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23.IV.1968 година, рег. бр. 14/63, книга I, е запишано следното: Се овластува Драги Димитровски, директор по финансии, покрај досегашните потписници Георги Петковски, генерален директор, и Ристо Георгиевски, заменик генерален директор, да го потпишува Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ од Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 157/68. (1104)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23.IV 1968 година, рег. бр. 14/63, книга I, е запишано следното: Им престанува овластувањето за потпишување на Јован Велев, директор, и Јован Крквчевски, шеф на сметководството на Погонот земјоделско стопанство на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ од Битола.

Се овластуваат истите лица што го потпишуваат комбинатот, да го потпишуваат и погонот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 159/68. (1106)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23.IV.1968 година, рег. бр. 14/63, книга I, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Лазар Лазаревски, раководител на Погонот за општествен стандард при ЗИК „Пелагонија“ — Битола.

Се овластуваат истите лица што го потпишуваат комбинатот да го потпишуваат и погонот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 160/68. (1107)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23.IV.1968 гоина, рег. бр. 14/63, книга I, е запишано следното: Им престанува овластувањето за потпишување на Ловре Ристевски и Миодраг Гагиќ на Погонот за транспорт и шпедиција при ЗИК „Пелагонија“ — Битола.

Се овластуваат истите лица што го потпишуваат комбинатот, да го потпишуваат и погонот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 161/68. (1108)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1219, страна 1159, книга V, е запишано под фирма: „Трго-Солун“ — претпријатие за промет на големо и мало со мешана индустриска стока, прехранбени и земјоделски производи како и посредување во прометот — Скопје. Предмет на работењето на претпријатието е: промет на големо и мало со мешани индустриски стоки, земјоделски и прехранбени индустриски пакувани стоки, освен путер, кајмак, маст, сувомесни производи и месо и слични прехранбени артикли кои подлежат на брзо расипување како и посредување во прометот.

Претпријатието е основано од основачите-група граѓани, на основачкото собрание, одржано на 13.I. 1968 година и тоа: Пашковски Ѓорѓи, Кочов Ристо, Попташев Таше, Николовски Ѓорѓи, Елефтеријадис Димитри, Мановски Панде, Апостолов Гавро, Пејков Коле, Петровски Никола, Богдановски Киро и Арсовски Миладин.

Претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Апостолов Гавро, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Претпријатието „Трго-Солун“ за промет на големо и мало со мешани индустриски стоки, прехранбени и земјоделски производи како и посредување во прометот — Скопје е конституирано на 13.I.1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 580 од 22.V.1968 година. (1153)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1231, страна 1283, книга V, е запишана под фирма: Стаклорезачка-стаклобрусачка работна организација „Бељур“ — Скопје, ул. „Орце Николов“ бр. 144. Предмет на работењето на работната организација е изведување на сите стаклорезачки и стаклобрусачки работи.

Работната организација е основана од задружниот совет на Стаклорезачко-стаклобрусачката задруга „Бељур“ — Скопје, со одлука бр. 163 од 8.III. 1968 година, со прераснување на задругата во Стаклорезачка-стаклобрусачка работна организација „Бељур“ — Скопје.

Работната организација ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Панчевски Тодор Славко, в.д. директор, и Стојановски Крсто Владо, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Стаклорезачко-стаклобрусачката работна организација „Бељур“ — Скопје е конституирана на 7.III.1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 293 од 21.V.1968 година. (1154)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 980, страна 805, книга IV, е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Стаклорезачко-стаклобрусачката задруга „Бељур" — Скопје, бидејќи со одлуката бр. 163 од 8.III.1968 година на задружниот совет прерасна во Стаклорезачка-стаклобрусачка работна организација „Бељур" — Скопје, ул. „Орце Николов" бр. 144.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 294 од 21.V.1968 година. (1155)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 662, страна 901, книга II, е запишано следното: Дејноста на „Агрохемизација" — специјализирано претпријатие за хемизација на земјоделството — Скопје, согласно одлуката бр. 04-1023 од 28. II 1968 година и елаборатот за економска оправданост, се проширува и со продажба на мало на семенски материјали и акумулатори на големо и мало.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 245 од 15.IV.1968 година. (1162)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1230, страна 1261, книга V, е запишано под фирма: Претпријатие за промет на големо и мало со посредништво „Гаранттекс" — Скопје, ул. „Наум Наумовски — Борче" бр. 63. Предмет на работењето на претпријатието е: вршење јорганџискошивачка дејност (машка и женска облека), општа конфекција, изработка на машка и женска облека, изработка на јоргани и душеци, продажба на сите видови сопствена конфекција и галантерија а како дополнување на асортиманот продавање и на производи од други производители, како и разна трикоконфекција, галантерија, позамантерија, кожна галантерија и сл.; продажба на текстилни и индустриски производи, фелерични мешани суровини и конфекција.

Претпријатието е основано од советот на работната заедница „Бела постела" — занаетчиска јорганџиска шивачка задруга за машка и женска облека — Скопје, со одлука од одржаната седница на 24.XI.1967 година ,со прераснување на задругата во претпријатие под име „Гаранттекс" — претпријатие за промет на големо и мало со посредување — Скопје.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува и Перо Секуловски, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Претпријатието за промет на големо и мало со посредништво „Гранттекс" — Скопје е конституирано на 24.XI.1967 година. Претседател на управниот одбор е Стефанова Љубица. Претседател на советот на работната заедница е Пасков Димитар. Задругата се брише од регистарот.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 226 од 31.V.1968 година. (1146)

---

